SONY

4-411-681-**11**(1) (MK)

# *Пренослив плеер за ЦД/ДВД*

Упатство за употреба

За да најдете корисни совети и информации за производите и услугите на Sony, посетете:
www.sony-europe.com/myproduct/

*DVP-FX780*

© 2012 Sony Corporation

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**Не изложувајте го уредот на дожд или влага за да се намали ризикот од пожар или електричен удар.**

**Не отворајте ја кутијата за да избегнете електричен удар. Обратете се само кај квалификуван персонал за сервисирање.**

**Главниот довод за струја мора да се смени само во работилница на квалификуван сервисер.**

**Батериите или апаратите со инсталирани батерии не треба да се изложуваат на прекумерна топлина како што се сонцето, огнот или слично.**

CLASS 1 LASER PRODUCT
LASER KLASSE 1
LUOKAN 1 LASERLAITE
KLASS 1 LASERAPPARAT

Овој апарат е класификуван како производ од CLASS 1 LASER. Ознаката CLASS 1 LASER PRODUCT MARKING е поставена од долната страна на уредот.

## ВНИМАНИЕ

Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста за повреда на очите. Не обидувајте се да ја расклопите кутијата бидејќи ласерскиот зрак што се користи во овој плеер за ЦД/ДВД е штетен за очите.
Обратете се само кај квалификуван персонал за сервисирање.



Фрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската унија и во други европски земји со засебни собирни системи)
Овој симбол на производот или на неговата амбалажа посочува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа, треба се предаде на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и за здравјето на луѓето кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства. Контактирајте со локалната месна заедница, со канцеларијата за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ.

Europe Only



Отстранување на потрошени батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)
Овој симбол на батеријата или на амбалажата покажува дека со батеријата којашто се доставува со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад.
Овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол кај определени батерии.
Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или повеќе од 0,004% олово.
Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за животната средина и за здравјето на човекот коишто инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства.

Во случај кога производите бараат трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификувано лице заради безбедност, функционалност или интегритет на податоците.
За да обезбедите дека со батеријата ќе се постапува соодветно, предадете го искористениот производ на соодветно збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема.

Погледнете го поглавјето за тоа како безбедно да ја отстраните батеријата од производот за сите други видови батерии. Предадете ја батеријата на соодветно збирно место за рециклирање потрошени батерии.

Контактирајте со локалната месна заедница, со компанијата за отстранување на домашниот отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ или на батеријата.

Не расклопувајте или не преправајте го плеерот. Тоа може да доведе до електричен удар. Консултирајте се со најблискиот застапник на Sony или сервисен центар на Sony за замена на батериите на полнење, внатрешни проверки или за поправка.

## Мерки за претпазливост

- Поставете го овој систем така што главниот довод на ел. енергија ќе може да се исклучи од ѕидниот штекер веднаш штом ќе се појави проблем.
- Плеерот не е исклучен од изворот за наизменична струја (главен вод) сè додека е поврзан во ѕидниот штекер дури и ако самиот плеер е исклучен.
- Не ставајте предмети полни со течности, како што се вазните, врз апаратот за да ја намалите опасноста од пожар или електричен удар.
- Притисокот од прекумерниот звук од слушалките може да предизвика загуба на слухот.

Производителот на овој производ е Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Овластениот претставник за EMC и безбедноста на производот е Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во засебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА**

Внимание: Овој плеер може бесконечно да задржи замрзната видеослика или слика за приказ на екранот телевизорот. Ризикувате трајно оштетување на телевизискиот екран ако ги оставите замрзнатата видеослика или сликата за приказ на екранот да се прикажуваат на ТВ-уредот подолго време. Панелните телевизори со плазма-приказ и телевизорите со проектори се осетливи на ова.

Консултирајте се со најблискиот застапник на Sony ако имате какви било прашања или проблеми во врска со плеерот.

## Информации за авторските права, трговските знаци и лиценците за софтверите

- Произведено според лиценца на Dolby Laboratories.
  Dolb и симболот со двојно D се заштитени знаци на Dolby Laboratories.
- „DVD Logo" е трговска марка на DVD Format/Logo Licensing Corporation.
- Технологијата за кодирање аудио според MPEG Layer-3 и патентите се со лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Сите други трговски знаци се трговски знаци на нивните соодветни сопственици.
- ОВОЈ ПРОИЗВОД Е ЛИЦЕНЦИРАН СПОРЕД ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПОРТФОЛИОТО СО ПАТЕНТИ НА MPEG-4 VISUAL ЗА ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА НА ПОТРОШУВАЧОТ ПРИ ДЕКОДИРАЊЕ ВИДЕО ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДОТ ЗА MPEG-4 VISUAL („MPEG-4 VIDEO") ШТО БИЛ КОДИРАН ОД ПОТРОШУВАЧОТ ЗАРАДИ ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА АКТИВНОСТ И/ИЛИ БИЛ СТЕКНАТ ОД ДАВАТЕЛ НА ВИДЕО-УСЛУГИ ШТО ИМА ЛИЦЕНЦА ЗА MPEG LA ДА ОБЕЗБЕДУВА ВИДЕО ВО ФОРМАТ MPEG-4. НИТУ ЕДНА ЛИЦЕНЦА НЕ Е ОДОБРЕНА, НИТУ ЌЕ СЕ ОДНЕСУВА НА КАКВА БИЛО ДРУГА УПОТРЕБА. ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПРОМОТИВНИ, ИНТЕРНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ УПОТРЕБИ, КАКО И ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА, МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ОД MPEG LA, LLC. ВИДЕТЕ HTTP://WWW.MPEGLA.COM

## За ова упатство

- Во ова упатство, „диск" се користи како општа референца за БД, ДВД или ЦД освен ако не е поинаку посочено во текстот или во сликите.
- Иконите како **DVD**, наведени на почетокот од секое објаснување, посочуваат каков вид медиум може да се користи со функцијата што се објаснува.
  Погледнете „Медиуми што се репродуцираат" (страница 19) за детали.
- Информациите што ТРЕБА да се знаат (за да се спречи неправилно ракување) се наведени под иконата .
  Информациите што е ПОЖЕЛНО да се знаат (совети и други корисни информации) се наведени под иконата .

# Содржина


ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ . . . . . . . . . . 2
Водич за делови и контроли . . . . . . . . . . 5

**Подготовки . . . . . . . . . . 7**
Проверка на дополнителната опрема . . . . . . . . . . 7
Полнење на батеријата . . . . . . . . . . 7
Употреба на адаптерот за приклучување со акумулаторот во автомобилот . . . . . . . . . . 8
Поврзување со телевизорот . . . . . . . . . . 8

**Репродукција . . . . . . . . . . 9**
Репродукција на дискови . . . . . . . . . . 9
Репродукција на MP3, JPEG и датотеки со видео . . . . . . . . . . 11
Прилагодување на големината и квалитетот на сликата . . . . . . . . . . 12

**Поставки и прилагодувања . . . . . . . . . . 13**
Употреба на приказот за поставки . . . . . . . . . . 13

**Дополнителни информации . . . . . . . . . . 15**
Решавање проблеми . . . . . . . . . . 15
Мерки за претпазливост . . . . . . . . . . 17
Медиуми што се репродуцираат . . . . . . . . . . 19
Спецификации . . . . . . . . . . 21
Индекс . . . . . . . . . . 22

# Водич за делови и контроли

Достапните функции се разликуваат во зависност од дискот или ситуацијата.

## Плеер




Копчињата VOLUME+ и ►II (репродукција/пауза) имаат опиплива точка. Користете ја опипливата точка како референца кога управувате со плеерот.

### 1 ЛЦД-панел (страница 9)

### 2 Звучник

### 3 HOLD

Спречува случајна операција со копчињата кога се притиснати подолго од две секунди. Сите копчиња се заклучени.

#### SOUND

Се префрлува меѓу 4 различни режими за звуци секојпат кога ќе притиснете.

### 4 DISPLAY

Ги прикажува информациите за репродукција и го менува режимот за репродукција (страница 10).

#### MENU

Го прикажува менито за ДВД со ВИДЕО. Репродуцира презентација со слајдови кога има JPEG-датотека (страница 11).

#### ←/↑/↓/→

Го поместува истакнувањето за да избере прикажана ставка.

#### ENTER

Влегува во избраната ставка.

#### RETURN

Се враќа на претходниот екран.

#### OPTIONS

Го прикажува менито со опции.

- Диск/УСБ (страница 12)
- ЛЦД-екран (страница 12)
- Поставки (страница 13)
- Мени/почетно мени: Го прикажува менито/почетното мени за ДВД со ВИДЕО.
- Список со оригинали/репродукција: Избира „Original“ или „Play List“ на ДВД ВР.

➡продолжува

### 5 VOLUME (јачина на звукот) +/–

Ја прилагодува јачината на звукот.

### 6 ⏮/⏭ (претходно/следно)

Прескокнува до претходните/следните поглавје, запис или датотека.

- Бргу премотува напред/назад (◀◀/▶▶) кога ќе се притисне подолго од една секунда во текот на репродукција. Притискајте повторливо за да ја смените брзината.
- Бавно премотува напред/назад (◀▮/▮▶) кога ќе се притисне подолго од една секунда при пауза. Притискајте повторливо за да ја смените брзината (само за ДВД).

#### ▶❚❚ (репродукција/пауза) (страница 9)

Ја започнува, паузира или повторно ја започнува репродукцијата.

#### ■ (застанување) (страница 9)

Ја застанува репродукцијата.

### 7 Капак за дискот (страница 9)

### 8 Копче OPEN (страница 9)

Го отвора капакот за дискот.

### 9 PUSH CLOSE (страница 9)

Го затвора капакот за дискот.

### 10 Индикатор за POWER

### 11 Индикатор за CHARGE (страница 7)

### 12 Прекинувач за OPERATE (страница 9)

Го вклучува или исклучува плеерот.

### 13 Приклучок за PHONES (слушалки)

### 14 Приклучок за USB (тип A) (страница 12)

Поврзете УСБ-уред во овој приклучок.

### 15 Приклучок за A/V OUT (страница 8)

### 16 Приклучок за DC IN 12V (страница 7, 8)

Поврзете адаптер за наизменична струја или адаптер во приклучокот за акумулаторот во автомобилот.

# Проверка на дополнителната опрема

Проверете дали ги имате следниве ставки:
- Адаптер за наизменична струја (1)
- Адаптер за приклучување со акумулаторот во автомобилот (1)
- Адаптер за аудио/видео (1)

# Полнење на батеријата

Наполнете ја батеријата на полнење пред да го користите плеерот за првпат или кога ќе се истроши батеријата.

## 1 Поврзете го адаптерот за наизменична струја.

Индикаторот CHARGE ќе свети во текот на полнењето.




Полнете ја батеријата во средина чијашто температура е меѓу 5 °C и 35 °C.

### Време на полнење и време на репродукција

Време на полнење: околу 4 часа
Време на репродукција: околу 4 часа

Времетраењето е измерено во следните услови:
- Време на полнење
  - умерена температура (20 °C)
  - исклучено
- Време на репродукција
  - умерена температура (20 °C)
  - употреба за слушалки
  - задниинското осветлување е поставено на минимум

Во зависност од температурата во просторијата или од состојбата на батеријата на полнење, времето за полнење може да биде подолго или времето за репродукција да се скрати.

### Проверка на нивото на наполнетост на батеријата

Индикаторот за батеријата се прикажува кога ќе се застане плеерот. Се прикажува [ ] или индикаторот CHARGE трепка кога е празна батеријата.



# Употреба на адаптерот за приклучување со акумулаторот во автомобилот

Адаптерот за приклучување со акумулаторот во автомобилот (се доставува) е за акумулатор од 12 V, негативно заземјување (не користете го со акумулатор од 24 V и со позитивно заземјување).

**1 Поврзете го адаптерот за приклучување со акумулаторот во автомобилот.**




---

### По употреба на плеерот во автомобил

Исклучете го адаптерот за акумулаторот од приклучокот за запалката.

- Возачот не треба да го поврзува или исклучува адаптерот за акумулаторот додека вози.
- Поставете го кабелот така што нема да му смета на возачот. Не поставувајте го ниту ЛЦД-панелот онаму каде што може да го гледа и возачот.
- Исчистете го приклучокот за запалката. Може да предизвика оштетување или дефект на контактите ако е извалкан.
- Користете го адаптерот за акумулаторот кога работи моторот на автомобилот. Акумулаторот на автомобилот ќе се испразни ако адаптерот се користи со изгаснат мотор.
- Не оставајте ги плеерот или дополнителната опрема во автомобилот.

# Поврзување со телевизорот

Може да уживате во сликите на ТВ-уредот или мониторот.

**1 Поврзете го плеерот со ТВ-уредот или со мониторот преку адаптерот за аудио/видео (се доставува).**




- Осврнете се на упатствата што се доставуваат со опремата за којшто треба да се поврзе за детали.
- Исклучете го плеерот пред поврзување.

# Репродукција на дискови

DVDVideo DVDVR VCD CD DATA

Видете „Медиуми што може да се репродуцираат“ (страница 19) за дисковите што може да се репродуцираат.
Прво наполнете ја батеријата или поврзете адаптер за наизменична струја.

**1 Отворете го ЛЦД-панелот и вклучете го плеерот.**

**2 Притиснете OPEN за да го отворите носачот за дискот и ставете го дискот.**

Ставете го со страната за репродукција надолу и лесно притиснете за да кликне. Не допирајте ја површината на леќата.




**3 Затворете го капакот за дискот и притиснете ►II.**

Плеерот започнува со репродукцијата.
Во зависност од дискот, ќе се појави мени. Притиснете ←/↑/↓/→ за да изберете ставка и потоа притиснете ENTER.

---

**Забелешки за заштитникот на екранот**

- Сликата на заштитникот за екранот ќе се појави кога плеерот е во режим на паузираност или исклученост и работи подолго од 15 минути. Сликата исчезнува кога ќе притиснете ►II. Видете страница 14 за поставување на „Screen Saver“.
- Плеерот преминува во режим за мирување по 15 минути откако ќе се вклучи функцијата за заштитникот за екранот. Притиснете ►II за да излезете од режимот за мирување.

### За продолжување на репродукцијата од местото на застанување (Продолжи со репродукција) DVDVideo DVDVR VCD CD

Ако притиснете ►II повторно откако сте ја застанале репродукцијата, плеерот ќе започне со репродукција од местото кога сте притиснале ■.

- Во зависност од местото на застанување, репродукцијата нема да продолжи точно од истото место.
- Местото за продолжување се брише кога:
  – ќе го отворите капакот за дискот.
  – ќе изберете OPTIONS и ќе изберете USB.

➡продолжува

### За репродукција на ЦД со ВИДЕО со PBC-функции VCD

Ќе се појави менито кого ќе започнете со репродукција на ЦД со ВИДЕО со PBC-функции (контрола за репродукцијата).
Притиснете ←/↑/↓/→ за да внесете броеви. Видете ги чекорите од 2 до 3 во „За внесување броеви” (страница 10).
►II ќе работи само за започнување со репродукција.
Видете страница 14 за поставување на „PBC“.

## Употреба на приказот со информации за репродукцијата

DVDVideo DVDVR VCD CD

Може да ги проверите информациите за репродукција да го смените режимот за репродукција.

**1 Притиснете DISPLAY додека се репродуцира диск.**
Пример: При репродукција на ДВД со ВИДЕО

Ставки




**2 Изберете ги и прилагодете ги сите следни ставки со притискање на ↑/↓ и ENTER.**
- Title*2
- Chapter*2
- Audio
- Subtitle
- Angle*2
- T.Time (време за наслов)
- C.Time (време за поглавје)
- Repeat
- A-B Repeat*3
- Time Disp. (време за прикажување)

*1 Кога се репродуцира ДВД (VR-режим), се прикажуваат „PL“ (список за репродукција) или „ORG“ (оригинал) веднаш до бројот за насловот.
*2 Може да го изберете бројот и преку ↑/↓.
*3 Изберете „SET“ и притиснете ENTER. Изберете ги точките A и B со притиснување на ENTER.

- Се прикажуваат само достапните ставки кога се репродуцираат ЦД или ЦД со ВИДЕО.
- Во зависност од дискот, не ќе може да поставите некои од ставките.
- Поставката за повторување ќе се откаже по пребарување по наслов или пребарување по поглавје.

### За внесување броеви

1 Притиснете ↑/↓ за да изберете ставка и притиснете ENTER.
Се појавува приказот за внесување броеви .

2 Изберете го секој број со притискање на ←/→ и ENTER.

3 Изберете „OK“ и потоа притиснете ENTER.
Внесувањето броеви завршува и приказот се затвора.

### За исклучување на приказот

Притиснете DISPLAY или RETURN.

# Репродукција на MP3, JPEG и датотеки со видео DATA

Видете „Медиуми што се репродуцираат“ (страница 19) за датотеки што може да се репродуцираат.
Се појавува список со албуми кога ќе поставите медиум со DATA.
Во зависност од дискот, репродукцијата започнува автоматски.

**1 Притиснете ↑/↓ за да го изберете албумот и притиснете ENTER.**

Пример: Список со MP3-датотеки




**2 Притиснете ↑/↓ за да ја изберете датотеката и притиснете ENTER.**

Репродукцијата започнува од избраната датотека.

## Репродукција на JPEG-датотеки

### За да ротирате JPEG-слика

Притискајте ←/↑/↓/→ додека прегледувате датотека со слики.
Ротирајте ја секоја датотека.
←/→: Ја ротира сликата за 90 степени во правецот/обратно од правецот на стрелките на часовникот.
↑/↓: Ја превртува сликата вертикално (нагоре и надолу/хоризонтално (налево и надесно).

### За приказ на список со сликички

Притиснете MENU.
Датотеките со слики во албумот се појавуваат во 12 подредени екрани.




### За репродукција на презентација на слајдови

Изберете „Slide Show“ во списокот со сликички и притиснете ENTER.

### За излез од списокот со сликички

Притиснете MENU за да се вратите во списокот со албуми.



➡продолжува

## Репродукција на податоци од УСБ-уред

**1 Поврзете УСБ-уред во приклучокот за УСБ.**



УСБ-уред

**2 Притиснете OPTIONS.**

**3 Притиснете ↑/↓ за да изберете „USB“ и притиснете ENTER.**

---

**За исклучување на УСБ-уредот.**

Притиснете OPTIONS за да изберете „Disc“ и притиснете ENTER, а потоа извадете го УСБ-уредот.

- Не вадете го УСБ-уредот додека трепка индикаторот за пристап. На тој начин ќе предизвикате оштетување или губење на податоците.
- УСБ-уреди што може да се поврзат со плеерот се флеш-меморија и дигитален фотоапарат. Други уреди не може да се поврзат (УСБ-хаб и сл.). Се појавува порака за грешка кога ќе се поврзе неподдржан уред.
- Некои УСБ-уреди нема да работат со овој плеер.
- Плеерот препознава уреди од класа за масовна меморија (MSC) што се усогласени со FAT.
- Поставете ја поставката за LUN на дигиталниот фотоапарат на „Single“. Осврнете се на упатството што се доставуваат со дигиталниот фотоапарат.

# Прилагодување на големината и квалитетот на сликата

DVDVideo DVDVR VCD DATA

Може да ја прилагодувате сликата што се прикажува на ЛЦД-екранот.

**1 Притиснете OPTIONS.**

**2 Притиснете ↑/↓ за да изберете „LCD Mode“ и притиснете ENTER.**

**3 Изберете ги и прилагодете ги сите следни ставки со притискање на ←/↑/↓/→ и ENTER.**

- LCD Aspect: Сменете ја големината на сликата.
- Backlight: Ја прилагодува осветленоста.
- Contrast: Ја прилагодува разликата меѓу светлите и темните области.
- Hue: Ја прилагодува рамнотежата меѓу црвената и зелената боја.
- Color: Ја прилагодува моќноста на боите.
- Default: Ги враќа сите поставки на фабрички зададените поставки.

---

**За исклучување на приказот со мени**

Притиснете OPTIONS или RETURN.

Големината на екранот што може да ја изберете се разликува во зависност од дискот.

# Употреба на приказот за поставки

Може да ги смените поставките на плеерот. Зададените поставки се подвлечени.
Некои дискови имаат складирани поставки за репродукција коишто имаат приоритет.

**1 Притиснете OPTIONS кога плеерот е во режим на застанатост.**

Не може да го поставувате приказот при продолжена репродукција. Притиснете ■ двапати и притиснете OPTIONS.

**2 Притиснете ↑/↓ за да изберете „Setup“ и притиснете ENTER.**

**3 Притиснете ↑/↓ за да ја изберете категоријата за поставување и притиснете ENTER.**

: General Setup
: Audio Setup
: Language Setup
: Parental Control

**4 Изберете ги и прилагодете ги сите следни ставки со притискање на ↑/↓ и ENTER.**

---

**За исклучување на приказот за поставување**
Притиснете OPTIONS или RETURN.

## General Setup

**◆ TV Display (само за ДВД)**

| | |
|---|---|
| 4:3 Pan Scan | Употребете го ова кога поврзувате со ТВ-уред чијшто екран е 4:3. Автоматски се прикажува широка слика на целиот екран и се отсекуваат деловите што нема да се вклопуваат.  |
| 4:3 Letter Box | Употребете го ова кога поврзувате со ТВ-уред чијшто екран е 4:3. Прикажува широка слика со црни ленти на горните и долните делови од екранот.  |
| 16:9 | Изберете го ова кога се поврзувате со ТВ-уред со голем екран или со ТВ-уред со функција за режим за широк екран.  |

**◆ Angle Mark (само за ДВД со ВИДЕО)**
Се прикажува маркерот за агол кога ќе ги смените аглите за преглед во текот на репродукцијата на ДВД снимен со повеќе агли.
Изберете „On“ или „Off“.

➡продолжува

### ◆ Screen Saver
Се појавува сликата за заштитникот на екранот. Видете страница 9 за оваа функција.
Изберете „On“ или „Off“.

### ◆ PBC (само за ЦД со ВИДЕО)
Оваа функција е достапна на ЦД со ВИДЕО со функцијата за PBC (контрола на репродукцијата). Видете страница 10 за оваа функција.
Изберете „On“ или „Off“.

### ◆ Default
Сите функции се враќаат на првичните фабрички поставки. Имајте предвид дека ќе се загубат сите ваши поставки.

## Audio Setup

### ◆ Audio DRC (само за ДВД)
Ги прави тивките звуци чујни кога јачината на звукот е намалена при репродукција на ДВД што е усогласено со „Audio DRC“ (динамичка контрола на опсегот).
Изберете „On“ или „Off“.

## Language Setup

### ◆ OSD (приказ на екранот)
Го менува јазикот за приказ на екранот.

### ◆ Disc Menu (само за ДВД со ВИДЕО)
Се префрлува на јазикот во менито за дискот.

### ◆ Subtitle (само за ДВД со ВИДЕО)
Се префрлува на јазикот на преводот.

### ◆ Audio (само за ДВД со ВИДЕО)
Се префрлува на јазикот од записот со звук.

## Parental Control

Може да ја ограничите репродукцијата на ДВД што има функција за родителска контрола.
Видете ги чекорите 2 и 3 кај „За внесување броеви“ (страница 10)

### ◆ Password (само за ДВД со ВИДЕО)
Внесете или сменете лозинка. Поставете лозинка со 4 цифри.

#### За менување на лозинката
Изберете „Password“ преку ↑/↓ и притиснете ENTER. Изберете „Change“ и притиснете ENTER. Внесете ги тековната лозинка и новата лозинка.

#### Ако ја заборавите лозинката
Внесете „1369“ за тековната лозинка.

### ◆ Parental Control (само за ДВД со ВИДЕО)
Поставете го нивото за ограничување. Колку е пониска вредноста, толку е поригорозно ограничувањето.
Прво треба да ја поставите лозинката за да ја поставите родителската контрола.

#### За поставување родителска контрола
Изберете „Parental Control“ преку ↑/↓ и притиснете ENTER. Изберете го нивото на ограничување и притиснете ENTER. Внесете ја лозинката.

#### За репродукција на диск за којшто има поставена родителска контрола
Вметнете го дискот и притиснете ►II. Се појавува екранот за внесување на лозинката. Внесете ја лозинката.

# Решавање проблеми

Ако искусите некои од следните тешкотии додека го користите плеерот, користете го ова упатство за решавање проблеми за да ви помогне да го решите проблемот пред да побарате поправка. Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony ако кој било проблем опстојува.

## Напојување

### Напојувањето не е вклучено.

➡ Проверете дали адаптерот за наизменична струја е поврзан правилно (страница 7).
➡ Проверете дали батеријата на полнење е доволно наполнета (страница 7).

### Батеријата не може да се полни или времето за полнење е предолго.

➡ Ако индикаторот за CHARGE трепка додека е поврзан адаптерот за наизменична струја, тогаш температурата во просторијата не е соодветна.
Полнете ја батеријата во средина чијашто температура е меѓу 5° C и 35° C.
➡ Полнењето трае подолго ако е вклучен плеерот. Исклучете го плеерот пред полнење.
➡ Батеријата е најверојатно оштетена ако не сте го користете плеерот повеќе од една година. Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

## Слика

### Се појавуваат црни точки, а црвени, сини и зелени точки остануваат на ЛЦД-екранот.

➡ Ова е структурна особина на ЛЦД-екраните и не претставува дефект.

## Звук

### Нема звук.

➡ Плеерот е во режим за пауза или во режим за репродукција со забавени движења.
➡ Плеерот е во режим за брзо премотување напред или назад.

## Работа

### Ништо не се случува кога ќе се притиснат копчињата.

➡ Притиснете HOLD подолго од две секунди за да ја овозможите работата со копчињата (страница 5).
Може и да ја откажете функцијата HOLD со исклучување на плеерот.

### Дискот не се репродуцира.

➡ Ако дискот е превртен, се појавуваат пораките „No Disc“ или „Cannot play this disc.“. Вметнете го дискот со страната за репродукција свртена надолу (страница 9).
➡ Дискот не е поставен додека не кликне на своето место (страница 9).
➡ Дискот е извалкан или напукнат (страница 19).
➡ Вметнат е диск што не може да се репродуцира. Проверете дали кодот за регионот се совпаѓа со плеерот и дали е финализиран дискот (страница 19).
➡ Поставена е родителска контрола. Сменете ја поставката (страница 14).
➡ Има кондензирана влага во плеерот. (страница 17).

➡*продолжува*

### Дискот не започнува со репродукција од почетокот.

- ➡ Избрана е повторлива репродукција (страница 10).
- ➡ Се вклучила продолжена репродукција (страница 9).
- ➡ Списокот за репродукција на создадениот диск се репродуцира автоматски. Притиснете ■ двапати и притиснете OPTIONS за да изберете „Original“ за да се репродуцираат оригинални наслови.

### Се појавува „⃠“ и плеерот не функционира согласно копчињата.

- ➡ Во зависност од дискот, не ќе може да извршувате одредени операции. Погледнете во упатството за работа што се доставува со дискот.

### Се појавува „Copyright Lock“ и екранот станува син кога се репродуцира ДВД-диск (ВР-режим).

- ➡ Кога се репродуцираат слики коишто содржат сигнали за заштита од копирање, се појавуваат син екран и порака наместо сликите (страница 19).

### Не може да се репродуцираат датотеки со формат MP3 и JPEG или датотека со видео (страница 20).

- ➡ Форматот на датотеката не е соодветен.
- ➡ Екстензијата не е соодветна.
- ➡ Датотеката е оштетена.
- ➡ Големината на датотеката е преголема.
- ➡ Се појавува „Data Error“ и датотеката не може да се репродуцира кога ќе се избере неподржан диск.
- ➡ На репродукцијата ? треба време да започне заради технологија на компримирање што се користи за датотеките со видео.

### Плеерот не работи правилно или напојувањето не се исклучува.

- ➡ Поставете го прекинувачот OPERATE на „OFF“, исклучете го адаптерот и оставете го плеерот исклучен 30 секунди ако статички електрицитет и слично предизвикуваат ненормална работа на плеерот.

## Поврзување

### Нема слика или звук кај поврзаната опрема.

- ➡ Поврзете го повторно кабелот безбедно (страница 8).
- ➡ Кабелот за поврзување е оштетен.
- ➡ Проверете ја поставката за поврзаниот ТВ-уред или засилувач.

## УСБ

### Плеерот не препознава УСБ-уред што е поврзан со него.

- ➡ Поврзете го повторно УСБ-уредот безбедно (страница 12).
- ➡ УСБ-уредот е оштетен.
- ➡ Притиснете OPTIONS за да изберете „USB“ (страница 12).

# Мерки за претпазливост

### Безбедност на патот

Не користете го уредот со мониторот и слушалките додека возите автомобил, велосипед или ракувате со друг вид моторно возило. Така може да предизвикате опасност во сообраќајот, а истото е незаконско во некои региони. Може да биде потенцијално опасно да се репродуцира со многу голема јачина на звукот преку слушалките додека шетате, особено на пешачките премини. Треба да практикувате исклучителна внимателност или да престанете да ги користите во потенцијално опасни состојби.

### За безбедноста

Ако цврст објект или течност навлезат во кутијата, исклучете го плеерот и однесете го да го провери квалификувано лице пред да го користите пак.

### За изворите за напојување

- Проверете дали сте го исклучиле плеерот од приклучокот на ѕидот ако не планирате да го користите подолго време. Фатете го самиот приклучок, никогаш не влечете го кабелот за да го исклучите адаптерот за наизменична струја.
- Не допирајте го адаптерот за наизменична струја со мокри раце. Тоа може да предизвика опасност од електричен удар.
- Не поврзувајте го адаптерот за наизменична струја на електричен трансформатор за патување којшто може да генерира топлина и да предизвика дефект.

### За зголемување на температурата

Температурата во плеерот може да се зголеми во текот на полнењето или ако се користи долго. Ова не е дефект.

### За поставувањето

- Не поставувајте го плеерот во ограничен простор како што се полица за книги или слична единица.
- Не покривајте ја вентилацијата на плеерот со весници, прекривки, завеси и сл. И не ставајте го плеерот на мека површина како што е простирка.
- Не поставувајте ги плеерот и адаптерите на место коешто е во близина на извори на топлина или на место коешто е изложено на директна сончева светлина, песок, влага, дожд, механички удар или во автомобил со затворени прозорци.
- Не поставувајте го плеерот во закосена позиција. Тој е дизајниран да работи само во хоризонтална положба.
- Држете ги плеерот и дисковите подалеку од опрема со силни магнети, како што се микробранови печки или големи звучници.
- Не испуштајте го и не применувајте силен удар.
  Не поставувајте тешки објекти врз плеерот и дополнителната опрема.

### За работата

- Влагата може да се кондензира на леќите во плеерот ако тој се внесе директно од ладна во топла просторија или се постави во многу влажна просторија. Плеерот нема да работи правилно ако дојде до тоа.
  Во овој случај, отстранете го дискот и оставете го плеерот околу половина час сѐ додека не испари влагата.
  Избришете ја влагата што се налепила на ЛЦД-екранот со шамивче и сл.
  Подоцна, вклучете го напојувањето.

➡*продолжува*

- Одржувајте ја леќата на плеерот чиста и не допирајте ја. Може да ја оштетите леќата ако ја допирате и да предизвикате неправилна работа на плеерот. Капакот за дискот треба да биде затворен освен кога ставате или вадите дискови.
- Дискот уште ќе се врти кога ќе го отворите капакот за дискот. Почекајте вртењето да запре пред да го извадите дискот.

### За приказот со течен кристал

- ЛЦД-приказот може повремено да прикажува точки во разни бои иако се произведува според технологија со исклучителна прецизност. Ова не е дефект.
- Не поставувајте или не испуштајте предмети врз површината на ЛЦД-приказот. Ниту не применувајте сила со раце или лактови.
- Не оштетувајте ја површината на ЛЦД-приказот со алатка со остри рабови.

### За батеријата на полнење

- Капацитетот на батеријата со текот на времето постепено се влошува заради ограничениот рок на употреба и повторливата употреба. Сменете ја старата батерија со нова кога издржува половина од нормалниот период за употреба.
- Менувајте ја батеријата барем еднаш на половина година или секоја година за да спречите влошување на батеријата.
- Одредени држави го регулираат фрлањето на батериите што се користат за напојување на овој производ. Консултирајте се со надлежната локална институција.

### За адаптерот за наизменична струја или адаптерот за поврзување со акумулаторот во автомобилот

- Користете ги доставените адаптери за плеерот бидејќи другите адаптери може да предизвикаат неправилна работа.
- Не расклопувајте и не испитувајте ја техниката.
- Не допирајте ги металните делови. Тоа може да предизвика краток спој и оштетување на адаптерите, особено ако се допираат со други метални предмети.

### За прилагодување на јачината на звукот

Не зголемувајте ја јачината на звукот додека слушате дел со многу ниско ниво на влезен звук или без аудио сигнали. Ако го направите тоа, звучниците може да се оштетат кога ќе се репродуцира дел со максимално ниво на јачина.

### За слушалките

- За да се спречи оштетување на слухот: Избегнувајте употреба на слушалките со голема јачина на звукот. Експертите за слух советуваат да не се користи континуирана, гласна и продолжена репродукција. Ако осетите ѕвонење во ушите, намалете ја јачината или престанете да ги користите слушалките.
- Грижа за другите: Одржувајте ја јачината на звукот на умерено ниво. Така ќе може да ги слушате надворешните звуци и да се грижите за луѓето околу вас.

### За чистењето

- Чистете ги кутијата, панелот и контролите со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивно перниче, прашок за чистење или растворувач како што се алкохолот или бензинот.
- Избришете ја лесно површината на ЛЦД-приказот со мека и сува крпа. Бришете ја честопати за да спречите наталожување нечистотии. Не бришете ја површината на ЛЦД-приказот со мокра крпа. Ако навлезе вода, тоа ќе доведе до неправилна работа.
- Леќата е покриена со прашина ако сликата/звукот се изобличени. Ако е така, употребете комерцијално достапна четка за раздувување леќи кај камери за да ја исчистите леќата. Избегнувајте да ја допирате леќата директно во текот на чистењето. Не користете дискови за чистење или чистачи за дискови/леќи.

### Забелешки за дисковите

- Држете го дискот за работ за да го одржите чист. Не допирајте ја површината.
- Не користете ги следниве дискови:
  – Диск што има нестандарден облик (на пр. картичка, срце).
  – Диск на којшто има ознака или лепенка.
  – Диск на којшто има целофанска лента или лепенка.

# Медиуми што се репродуцираат

| Икона | Карактеристики |
|---|---|
| DVD Video | • Комерцијално DVD<br>• DVD+RW/DVD+R/ DVD+R DL со +VR-режим<br>• DVD-RW/DVD-R/ DVD-R DL со видео-режим |
| DVD VR | DVD-RW/DVD-R/DVD-R DL со VR-режим* (снимање видео)[1] |
| CD | • Музичко ЦД<br>• CD-Rs/CD-RW со формат за музика на ЦД |
| VCD | • VIDEO CD (вклучително Super VCD)<br>• CD-Rs/CD-RW со формат за видео на ЦД или форма на Супер ВЦД |
| DATA | DATA CD*[2]/DATA DVD*[3] или УСБ-уреди кои што содржат датотеки со MP3, JPEG или датотеки со видео. |

Некои медиуми што може да се снимаат, не може да се репродуцираат на плеерот заради квалитетот на снимање или физичката состојба на медиумот или заради карактеристиките на уредот за снимање и софтверот за авторизација.
**Дискот нема да се репродуцира ако не бил правилно финализиран.** Погледнете го упатството за работа за уредот за снимање за повеќе информации.

*[1] Сликите со CPRM-заштита (Заштита на содржината за медиуми на коишто може да се снима) нема да се репродуцираат. Се појавува „Copyright Lock“.

➡продолжува

*2 ЦД со ПОДАТОЦИ мора да се снимени според ISO 9660 во Ниво 1 или во проширениот формат, Joliet.
*3 ДВД со ПОДАТОЦИ мора да е снимено во UDF (универзален формат на диск).

## Формат на датотеки што може да се репродуцираат

| Вид | Формат на датотеката | Наставка |
|---|---|---|
| Музика | MP3 (MPEG-1 Audio Layer III) | „.mp3“ |
| Фотографија | JPEG (DCF-формат) | „.jpg“, „.jpeg“ |
| Видео | MPEG-4 (едноставен профил) | „.mp4“ |
| | Xvid | „.avi“ |

- Репродукцијата на папки со сложена хиерархија може да потрае. Создавајте албуми како што следи:
  - Бројот на хиерархии на медиумот не треба да биде повеќе од два.
  - Бројот на албуми на медиумот треба да биде 50 или помалку.
  - Бројот на датотеки во еден албум треба да биде 100 или помалку.
  - Вкупниот број на албуми и датотеки на медиумот треба да биде 600 или помалку.
- Плеерот ги репродуцира датотеките во албумот по редоследот по којшто е снимен медиумот.

- Плеерот ќе ја репродуцира секоја датотека од горната табела, дури и кога форматот на датотеката се разликува. Репродукцијата на тие податоци може да геренерира шум којшто може да доведе до оштетување на звучникот.
- Некои дискови со ПОДАТОЦИ создадени во формат Packet Write нема да се репродуцираат.
- Некои дискови со ПОДАТОЦИ создадени во повеќекратни сесии нема да се репродуцираат.
- Некои JPEG-датотеки не ќе може да се репродуцираат.
- Плеерот не може да репродуцира JPEG-датотека поголема е од 3 264 (ширина) x 2 448 (висина) во нормален режим или поголема од 2 000 (ширина) x 1 200 (висина) во прогресивен JPEG-формат.
- Некои датотеки со видео не ќе може да се репродуцираат.
- Плеерот нема да репродуцира датотека со видео поголема од 720 (ширина) × 576 (висина)/2 GB.
- Плеерот нема да репродуцира одредени датотеки со видео што е подолго од 3 часа.
- Плеерот поддржува аудиоформати MP3 или AAC за датотеки со видео MPEG-4.
- Плеерот поддржува само аудиоформати MP3 за датотеки со видео MXvid.
- Плеерот нема да репродуцира рамномерно датотека со голема бит-стапка на ЦД со ПОДАТОЦИ. Се препорачува да се репродуцираат видео датотеки со голема бит брзина користејќи ДВД со ПОДАТОЦИ.
- Плеерот може да прикажува име за датотека или албум со најмногу 14 знаци. Специјалниот знак се прикажува како „*“.
- Плеерот може да го прикажува само името за албумот што тековно се репродуцира. Секој албум што е сместен во горниот слој се прикажува како „\..\“.
- Информациите за репродукцијата на некои датотеки нема да се прикажуваат правилно.

## Забелешки за комерцијалните дискови

### Код на регионот

Се користи системот за да ги заштитува авторските права. Кодот за регионот се прикажува во пакетите на ДВД со ВИДЕО согласно регионот на продажба. ДВД со ВИДЕО означено со „ALL“ или „2“ ќе се репродуцира на плеерот.

### Операции за репродукција на ДВД и ЦД со ВИДЕО

Некои операции за репродукција на ДВД и ЦД со ВИДЕО може да се намерно поставени од производителите на софтвер. Бидејќи плеерот репродуцира ДВД и ЦД со ВИДЕО според содржината на дискот којашто ја дизајнирале производителите на софтверот, некои одлики за репродукцијата нема да бидат достапни. Погледнете и во упатството за работа што се доставува со ДВД или со ЦД со ВИДЕО.

### Забелешки за дисковите

Овој производ е дизајниран да репродуцира дискови коишто се усогласени со стандардот за Компактен диск (ЦД).

Двојните дискови и некои музички дискови што се кодирани со технологиите за заштита на авторските права не соодветствуваат со стандардот Компактен диск (ЦД). Затоа, овие дискови може да не бидат компатибилни со овој производ.

# Спецификации

### Системски

**Ласер:** Ласер од полупроводник
**Систем на форматирање сигнали:** PAL (NTSC)

### Влезови/излези

**A/V OUT (аудио/видео излез):** Миниприклучок
**PHONES (слушалки):** Стерео миниприклучок
**USB:** Приклучок за УСБ од типот A (за поврзување УСБ-меморија)

### Приказ со течен кристал

**Големина на панел (приближно):** 18 см/7 инчи (дијагонално)
**Систем на погонот:** Активна матрица TFT
**Резолуција:** 480 × 234

### Општо

**Побарувања за напојување:**
DC 12 V 0.95 A (адаптер за наизменична струја)
DC 12 V 1.5 A (Адаптер за акумулаторот во автомобилот)
**Потрошувачка на струја (репродукција на ДВД со ВИДЕО):** 6 W (кога се користи со слушалки)
**Димензии (приближно):** 200 × 42.5 × 155 мм (ширина/висина/длабочина) вклучително и истурените делови
**Маса (приближно):** 775 г
**Работна температура:** 5 °C до 35 °C
**Работна влажност:** 25% до 80%
**Адаптер за наизменична струја:** 110-240 V AC, 50/60 Hz
**Адаптер за приклучување со акумулаторот во автомобилот:** 12 V DC

### Доставена дополнителна опрема

Погледнете страница 7.

Спецификациите и дизајнот подлежат на промена без известување.

# Индекс

## Нумерички


16:9 13
4:3 Letter Box 13
4:3 Pan Scan 13


## А


Агол 10
Аудио 10


## В


Внесување броеви 10
Време на полнење и време на репродукција 7


## Д


Датотека со видео (MPEG-4/Xvid) 11, 20


## З


Заштитник за екранот 9


## К


Код на регионот 21


## Л


ЛЦД-режим 12


## М


Медиуми што се репродуцираат 19


## П


Повтори 10
Поставување 13
Превод 10
Презентација на слајдови 11
Приказ со информации за репродукцијата 10
Продолжување со репродукција 9
Пропорција на ЛЦД 12


## Р


Решавање проблеми 15


## У


УСБ 12


## A–Z


Angle Mark 13
Audio 14
Audio DRC 14
Audio Setup 14
CD 9, 19
DATA 11, 19
Disc Menu 14
DVD 9, 19
General Setup 13
JPEG 11, 20
Language Setup 14
MP3 11, 20
MPEG-4 (датотека со видео) 11, 20
OSD (приказ на екранот) 14
Parental Control 14
Password 14
PBC 10, 14
Screen Saver 14
Subtitle 14
TV Display 13
VIDEO CD 9, 19
Xvid (датотека со видео) 11, 20

4-411-681-**11**(1) (MK)

*I-441168111*

Sony Corporation

http://www.sony.net/